# Ема Кушевска

## професија фотограф

Како вљубеник во уметноста, од мали нозе, со години своите емоции ги преточував на сликарското платно. Потоа кистот го заменив со фото-апарат, љубов која ми је пренесе мојата мајка уште во основно училиште, но последниве десетина години почнав многу повеќе да го надградувам своето основно познавање од фотографијата и професионално да се занимавам со неа.

Оваа проблематика се учи цел живот - секогаш има нешто ново за учење, откривање, изразување. Мојата одлука да се преселам на брегот на нашето преубаво Охридско Езеро, уште повеќе ги зголемува моите пориви и мојата инспирација и не го оставам апаратот да мирува.

Темите се неисцрпни, природата богата, секогаш со нова, поинаква убавина. Кога би ме прашале кое годишно време би го издвоила, навистина не би можела да се одлучам. Дали пролетта, со будење на животот; летото со убавините на езерото и мојот посебен предизвик - подводната фотографија; есента со богатството на бои или сино-белата слика на зимата.

И флората и фауната ги сакам подеднакво, како и прекрасните пејзажи. Тука се запознавам со законите на природата, ја имам привилегијата да се „сспријателам" со живиот свет, нивниот ланец на исхрана, ги препознавам предвесниците на секое годишно време. Веројатно постои некаква интеракција меѓу нас, веројатно ја препознаваат мојата љубов и грижа кон природата, па многу често ми дозволуваат да им пријдам многу блиску, да направам уникатни фотографии.

За објавување на целото мое фото-творештво се потребни најмалку три животи. Би сакала сите луѓе да минуваат повеќе време во природа, да уживаат во неа, а нашите ученици, од рана возраст да учат и осознаваат за неа преку сопствени искуства, во директен контакт. Ќе се изненадат колку сите живи суштества чувствуваат, имаат душа, колку се благородни и питоми, дури и оние за кои имаме предрасуди, за кои сме учеле или слушале дека се „опасни".

Значи, родители и наставници, водете ги што почесто вашите деца на настава во природа и научете ги да ја засакаат и фотографијата.

Ема Кушевска








Kushevska


E.Kushevska


E.Kushevska




E.Kushevska






E. Kushevska


E. Kushevska




E.Kushevska


E.Kushevska




E.Lushevska


E.Kushevska








E.Kushevska


E.Kushevska


E.Kushevska


E.Kushevska






E.Kushevska



